## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 септември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,37 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Почитувани колеги продолжуваме со работа по Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Елмазе Селмани, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Илија Китановски, Данаил Дончев, Андреј Жерновски, Фазли Велиу, Садула Дураки и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам уште еднаш пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе отпочнеме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи веднаш треба да пристапиме кон гласањето на законот.

Почитувани колеги, бидејќи веднаш треба да пристапиме на гласањето на законот, а во овој момент се одржува една комисија каде што учествуваат поголем број на колеги пратеници, објавувам пауза до 12,00 часот.

(Пауза од 12,00 до 12,22 часот)

(По паузата со седницата раководеше Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија)

**Бесим Догани:** Ве молам уште еднаш да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 62 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Процедурално господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Би сакал да изразам најсериозен протест во име на пратеничката група на СДСМ за настанот што во организација на тоталитарната власт на ВМРО-ДПМНЕ во овој момент се одвива пред просториите на партијата на СДСМ. Имено, ова е прв пат во овие 16 години да се организира протест под закрила на невладина организација што ја нема во Централниот регистар, за став што СДСМ го изложи вчера. Да ве потсетам, по Законот за јавни собири, член 4, собирот мора да биде најавен 48 часа пред одржувањето на собирот. Според нашите информации МВР синоќа на полноќ под сериозен притисок од страна на тоталитарната власт на ВМРО-ДПМНЕ го одобрил протестот без законска основа. Од друга страна, предводник на една од групите таму е владин службеник лицето Митко Костов, претседател на една од партиите која е во коалиција со власта и која што се наоѓа таму со 4, 5 свои лица, од својата партија што доволно зборува дека МВР во организација на ВМРО-ДПМНЕ главен организатор во оваа политичка хајка што не ги поштедува сите и за прв пат после 17 години некој протестира пред политичка партија кој во овој момент е во позиција, за закон за кој што се доволно 61 глас што ова парламентарно мнозинство ги има. Би сакал да ја потсетам јавноста во овој собраниски состав заради политиката што СДСМ ја водела во овие 16 години, 20% од пратениците кои влегоа на листата под името на СДСМ и под знакот на СДСМ припаѓаат на етничките заедници. Ние нема потреба да се докажуваме на невладини организации кои што не постојат, предводени од човек кој работи во Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ и член на Избирачки одбор на претседателски избори кандидиран од ВМРО-ДПМНЕ во Изборната единица 2727. Затоа најостро протестирам и ве информирам дека пратеничката група на СДСМ денес местото и е пред партијата, а не во Собранието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Господине Макрадули, ова не е поврзано со работата на Собранието. Но, сепак, како координатор на пратеничката група јас ви дозволив да се изразите.

Ќе ги замолам господата Ивановски, госпоѓица Грковска и госпоѓа Бендевска да не бараат процедурално по оваа тема, бидејќи ова не е процедурално. Ова е сосема друга работа, политичка работа. Нема да чини ништо со процедурата на нашата работа. Ве молам, јас само ги замолив да не зборуваат по оваа тема, бидејќи ќе бидам принуден да им го одземам зборот.

Повелете господине Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Забелешката на мојот колега, а и мојата ...

**Бесим Догани:** Господине Серафимов, господине Макрадули, господине Шамбевски, ве молам дозволете му на господинот Ивановски да се изрази.

**Игор Ивановски:** Господине потпретседателе и реакцијата процедурална на мојот колега и моја е во насока токму на работата на овој Парламент. Ние започнуваме со работа, со задоцнување од еден час, токму од причина што во овој изминат час владеачкото мнозинство не можеше да обезбеди кворум. Во овој момент пратениците на СДСМ се присутни во овој законодавен дом токму за да може да продолжи работата. Но, она што господине потпретседателе апсолутно процедурално ќе го реагираме е дека најавуваме дека доколку нешто не се промени веднаш и многу брзо, пратениците на СДСМ во овој момент и понатаму нема да учествуваат во денешната седница на Собранието на Република Македонија. Тоа е апсолутно процедурално. Она што во овој момент се случува пред зградата на СДСМ е т.н. спонтан собир од неколку граѓани, но кои што кога ќе ги разберете информациите кои што ни се на нас на располагање, дефинитивно се покажува дека е во организација на ВМРО-ДПМНЕ и Владата. Она што јас сакам да го кажам е дека не само што таму има службеници кои што наместо да ја работат својата работа, туку протестираат пред една политичка партија и за тоа претпоставувам дека трудовата инспекција веднаш ќе ги разреши. Се случува т.н. протест како што ВМРО-ДПМНЕ го правеше со “Глас на светлината”, па кога беше за децентрализација. Ова се случува во време кога ситуацијата со Косово е исклучително сложена, се случува во време кога за Македонија се одлучува дали ќе има позитивен извештај во Европската комисија, дали Република Македонија ќе го финишира своето членство во НАТО и во најмала рака ваквото однесување наредбодавачите од страна на Владата на Груевски и ВМРО-ДПМНЕ е срамно, штетно и многу опасно. Јас она што сакам да го кажам сега е доколку, вие како потпретседател не овозможите услови врз база на кворумот да продолжи оваа работа, СДСМ нема да учествува во понатамошниот тек на оваа седница. Упатувам јавен апел до претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и премиер Никола Груевски да си ги повлече вазалите, извршителите од пред СДСМ, бидејќи на тој начин ќе овозможи понатамошно колку-толку мирнодобско работење на овој Парламент и колку-толку релативизирање на вжештената политичка ситуација. Ова апсолутно има врска со процедурата, бидејќи ако ВМРО-ДПМНЕ и Груевски не си ги повлечат своите вазали кои што во моментот се пред паптријата на СДСМ, СДСМ нема да учествува на работата на оваа седница. А неговото однесување и наредбата што ја има дадено апсолутно ќе претставува уште еден удар и огромна штета што ќе ја направи на Македоднија иста онаква како што направи со ОКТА.

**Бесим Догани:** Како прво, господине Ивановски, јас не можам да ви го оспорам правото вие да го напуштите Собранието или да не учествувате на работата на Собранието.

Второ, ве молам јас не можам врз база на вашите информации за кои немам известување, јас немам право господине Серафимов ниту да наредам некој да протестира, или да се повлече. Јас не сум член на Владата, јас сум член на СОбранието, на Парламентотот. Уште еднаш ве молам, немојте да го злоупотребувате процедуралното изјаснувањ. Во ред е тоа што го кажа господинот Ивановски дека ќе ја напуштите седницата поради ваше незадоволство, тоа е ваше право. И само тоа може да се смета како процедурално.

Повелете Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Јас сакам да реагирам и уште еднаш да укажам дека денешнава седница на Собранието на Република Македонија како и речиси сите седници во изминатава една година започнува благодарение на присуството на СДСМ во оваа сала. За жал, и после една година откако ВМРО-ДПМНЕ ги доби овие избори не може да разбере дека е власт во оваа држава и дека ја има најголемата одговорност и дека најголемата одговорност за начинот на кој што се одвиваат седниците, за текот на работењето и за ефикасноста во работата на овој собраниски дом е пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и одговорноста на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и нивната коалиција. Меѓутоа, она што загрижува е дека и покрај кооперативноста на СДСМ и покрај поддршката што СДСМ ја дава за закони кои што се од интерес за Република Македонија и тоа не само закони кои што го имаат знакчето на Европската унија. Ние се соочуваме со тоталитарен режим со забрана на мислење и што е уште потрагично, се соочуваме со пораки кои што воопшто не кореспондираат на реалноста. Сега ќе ви укажам зошто? Со ваквиот денешен потег собирањето пред партијата на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и Груевски укажува дека не прифаќа различно мислење ...

**Бесим Догани:** Госпоѓице Грковска, јас убаво ве замолив да не зборувате за работи кои се надвор од процедурата на Парламентот.

**Славица Грковска:** Јас ќе ви кажам сега зошто е во рамките на процедурата.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Весна Бендевска, три минути.

**Славица Грковска:** Бидејќи ми беше оневозможено да зборувам и тоа не е за прв пат во овој Собраниски дом...

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Пауза до 13,00 часот.

(По паузата сдницата продолжи во 13,04 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Госпоѓа Весна Бендевска не е присутна, господин Александар Николовски не е присутен, господинот

Влатко Серафимов не е присутен, Китановски Лазар не е присутен, Вељаноски Трајко не е присутен, Филипова Верица не е присутна, Андоновска Марија не е тука, господинот Трајанов Павле не е тука, господинот Никола Ќуркчиев не е тука, господинот Ацо Киров не е тука, госпоѓа Цветковска Благородна не е тука.

Продолжуваме со работа.

**Трета точка - Предлог за донесување на закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за воспоставување на мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејки гласале многу мал број на пратеници, ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во времето на гласањењто на гласањето немаше доволен број на пратеници, гласањето е невалидно.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, бидејки ќе пристапиме кон повторно гласање на заклучокот.

(Присутните во салата чекаат да се создаде кворум за гласање).

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(По утврдувањето на бројот на присутни пратеници)

Бидејки во салата се присутни 61 пратеник, заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, сите 59 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 59 пратеници, сите 59 гласаа за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Гласаа 58 пратеници, од нив 57 гласаа за, воздржани нема, против гласаше 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ацо Киров и Марјанчо Николов поднесоа амандмани на член 6 став 4 во воведната реченица и на алинеја 7, член 6 став 6 и на член 6 за менување на став 7, по кој Владата не се произнела.

Отворма претрес по амандмнаот на член 6 став 4 во воведната реченица и на алинеја 7 поднесен од пратениците Ацо Киров и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за земјоделство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 60 пратеници, од нив 4 гласаа за, 2 воздржано, против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 6 поднесне од пратениците Ацо Киров и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за земјоделство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 59 пратеници, од нив 1 гласаше за, 2 воздржано, против 56.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 7 поднесне од пратениците Ацо Киров и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за земјоделство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 56 пратеници.

Затоа би ги замолил службите уште еднаш да го потврдат бројот бидејки некои пратеници излегуваат-влегуваат, па така не сме во состојба да го знаеме точниот број на пристуни.

Бидејки во салата има 62 пратеника, гласањето е валидно.

Гласале 56 пратеници, од нив 2 гласале за, воздржани нема, против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор минситерот за земјоделство, повелете.

(Министерот се повлекува од дискусија)

Се повлекувате, во ред.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеници за Предлогот гласале 59, сите 59 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за плати на судиите, со Предлог на закон.**

Предлог за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор минситерот за правда господинот Михајло Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе на Собранието, дами и господа пратеници,

Донесувањето на законот за плати на судиите произлегува од членот 109 став 1 од Законот за судовите каде што е предвидено дека платите и другите надоместоци за судиите се определуваат со закон. Значи уредувањето на платите на судиите е поврзано со многу меѓународни документи и декларации што се однесуваат на статусот на судиите, нивната независност и самостојност и секако материјалната основа за самостојно и независно вршење на нивната функција.

Согласно член 60 од Законот за судовите се определени критериумите на кој начин се определуваат платите на судиите, а тоа е зависно од видот и висината, видот на судот, од функцијата што се обавува во определен суд и од статуот на судијата во тој суд. Значи, согласно Законот е предвидено дека има пет групи според кои се определуваат платите на судиите. Тоа се прво плати на судиите и претседателот на судот во судовите со основна надлежност, тоа е до пет години и до 15 илјади евра имотен ценздус за водењето на споровите, потоа се претседателите на судовите и судиите во судовите со проширена вредност, со вкупната надлежност на судовите. Третата група е за апелационите судови. Четвртатата група е Управниот суд и петтата група е Врховниот суд на Република Македонија.

Значи платите се определуваат во кеофициенти од 2,9 до 3,7, со тоа што се предвидува за секој вршител на функцијата претседател на совет или претседател на оддел да се зголеми за 0,1 односно 0,2%.

Исто така да се обезбедува соодветна гаранција за тоа за судиите кои нередовно и неоправдано не можат да ги извршуваат функциите во рок последователно за 8 месеци, тие да можат да бидат повикани на определена дисциплинска одговорност, а и да бидат разрешени од фумкцијата, но исто така е предвидено тие да можат за спорен дисциплински престап да бидат и парично казнети од 15 до 30%.

Ве молам да го усвоите законот кој што ви е предложен.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за плати на судиите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 62 пратеника гласаа 60 пратеници, од нив сите 60 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 18-а по членот 18 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, од нив 60 гласаа за, воздржани нема, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за плати на судиите.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за генетски модифицирани организми.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за генетски модифицирани организми.

Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за генетски модифицирани организми, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласаа само 60 пратеници, би ги замолил службите да ни достават точен број на пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 61 пратеник, така што гласањето е валидно.

Гласале 60 пратеници, сите 60 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за ѓубрива, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ѓубрива.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник гласаа 60, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласале 61 пратеник, сите 61 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ѓубрива.

**Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за хемикалии, со Предлог на закон.**

Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи немаме претставник од Министерството за здравство, давам пауза од пет минути.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,41 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата и да си ги заземат своите места, продолжуваме со работа.

Господине Иванов, баравте збор процедурално, повелете.

Процедурално има збор господин Љубисав Иванов Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Бидејќи точките од дневниот ред се од итен карактер предлагам без пауза да продолжиме да работиме.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Иванов.

Предлогот на господинот Иванов да се работи без пауза за ручек, имате поддршка од 10 пратеници.

Предлогот на господинот Иванов го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласаа само 57 пратеници, би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Бидејќи во салата се присутни 63 пратеници, гласањето е валидно.

Значи, гласале 57 пратеници, од нив 53 гласале за, 1 воздржан и 3 против.

Констатирам дека е прифатен предлогот на господинот Иванов да се работи без прекин.

Продолжуваме со работа на точката 7.

**Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за хемикалии, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните

тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за хемикалии.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите 63 гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, од кои гласаа 59 и сите 59 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратениците Верица Филипова, Марјанчо Николов и Влатко Серафимов поднесоа амандмани на член 6 став 1 и на член 11 став 3, за бришење на став 4 и на став 5 во воведната реченица, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, поднесен од пратениците Верица Филипова, Марјанчо Николов и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Имер Селмани, министер за здравство.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот Владата не го прифаќа.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеници, за амандманот гласаа 57, од кои 6 гласаа за, 1 гласаше воздржано и против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 3, за бришење на став 4 и на став 5 во воведната реченица, поднесен од пратениците Верица Филипова, Марјанчо Николов и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Имер Селмани, министер за здравство.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот Владата не го прифаќа.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа на 56 пратеници, од нив 2 гласаа за, воздржани нема и против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници, за предлогот на законот гласаа 59, од нив 57 пратеници гласаа за, воздржани нема и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за хемикалии.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на закон за ветеринарно здравство, со Предлог на закон.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ацо Киров и Влатко Серафимов поднесоа амандмани на член 5 став 1 точка 3, член 11 за додавање нов став 9 по ставот 8, член 35 за додавање нова точка 4 по точката 3, член 36 став 6 и на член 40 за менување на став 5, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, точка 3, поднесен од пратениците Ацо Киров и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеници за амандманот гласаа 54, од нив 6 гласаа за, 1 воздржано, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за додавање нов став 9, по ставот 8, поднесен од пратениците Ацо Киров и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

